РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИ
УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO
AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 08-140

25.04.2025 година / viti

СКОПЈЕ - SHKUP

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 1 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 69 ставови 1 и 4, член 70 ставови 1, 4, 6, 9, 10, 11 и 12, член 71, член 74, член 79, член 80 и член 81 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 1, член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г., а во врска со Писмото со намера за доделување на дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп од заинтересирана страна, Трговското радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје (арх.бр.08-5084/1 од 11.12.2024 г.), со дополнување (арх.бр.08-102/1 од 10.01.2025 г.), Известувањето од Агенцијата за електронски комуникации, арх.бр.0805-87/4 од 05.02.2025 г. (наш арх.бр.08-102/3 од 13.02.2025 г.), Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп (арх.бр.03-1705/1 од 10.04.2025 г.) и Заклучокот арх.бр.02-1832/3 од 24.04.2025 г., на 18-та седница одржана на 24.04.2025 г., ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво

1. Се објавува јавен конкурс за доделување на 1 (една) дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп, и тоа за програмски сервис музичко радио од специјализиран формат, до 5% говорни содржини, на македонски и српски јазик, во кое емитуваната музика е доминантно забавна, а ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), и тоа: 90.3 MHz.

2. Дозволата ќе се додели за временски период од 9 (девет) години и не може да се пренесува на друго лице.

3. Кандидатите на конкурсот треба да ги исполнат минималните технички, просторни, финансиски и кадровски услови, утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст) арх.бр.01-3953/1 од 31.10.2023 г., кои се образложени и допрецизирани во Конкурсната документација.

4. Техничките карактеристики и параметри определени од страна на АЕК согласно со Законот за електронските комуникации („Службен весник на РМ", бр.39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18 и „Службен весник на РСМ", бр.98/19, 153/19, 92/21, 222/24 и 59/25) и прописите донесени врз основа на него, се образложени и допрецизирани во Конкурсната документација и одобрението за користење на радиофреквенција издадено од АЕК.

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

5. Доставените пријави на конкурсот, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) ќе ги оценува врз основа на следните критериуми, на следниот начин на бодирање:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production), во текот на неделата | | 17 бода |
| • до 50% од говорниот дел од програмата | 10 бода | |
| • над 50% од говорниот дел од програмата | 17 бода | |
| | | |
| **2. Квалитет, жанровска и тематска разновидност на содржините** | | **17 бода** |
| • од 2 до 4 видови програми во говорниот дел од програмата | 10 бода | |
| • над 4 видови програми во говорниот дел од програмата | 17 бода | |
| | | |
| **3. Застапеност на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура** | | **17 бода** |
| • **програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура, емитувани на годишно ниво** | | |
| • до 10 часа во текот на годината | 5 бода | |
| • над 10 часа во текот на годината | 9 бода | |
| | | |
| • **инструментална музика од македонски автори, и вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и српски јазик емитувана во текот на денот** | | |
| • до 30% од вкупно емитуваната музика | 5 бода | |
| • над 30% од вкупно емитуваната музика | 8 бода | |
| **4. Застапеност на информации и содржини во говорниот дел од програмата од значење за подрачјето во кое ќе се емитува програмскиот сервис (информации од локален карактер), во текот на неделата** | | **10 бода** |
| • од 1 до 3 часа од говорниот дел од програмата | 5 бода | |
| • над 3 часа од говорниот дел од програмата | 10 бода | |
| | | |
| **5. Бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста (најмалку 2 (две) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, вработени во редовен работен однос со полно работно време)** | | **7 бода** |
| • **2 вработени** | 5 бода | |
| • **над 2 вработени** | 7 бода | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **6. Технички услови за производство на програмите** | | **7 бода** |
| | | |
| 7. Понудено време на дневно емитувана програма | | 7 бода |
| • од 10 до 17 часа | 4 бода | |
| • над 17 часа | 7 бода | |
| | | |
| **8. Просторни услови за вршење на дејноста** | | **7 бода** |
| | | |
| **9. Понудени гаранции за финансиската способност за остварување на дејноста** | | **7 бода** |
| | | |
| **10. Понуден рок на започнување со вршење на дејноста** | | **4 бода** |
| • **до 3 месеци од денот на издавање на дозволата** | 4 бода | |
| • **над 3 месеци од денот на издавање на дозволата** | 2 бода | |
| | **Вкупно** | **100 бода** |

6. За дозволата за радио емитување се плаќа годишен надоместок за секоја тековна година, почнувајќи од датумот на доделувањето на дозволата, на сметка на Агенцијата, во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Начинот на пресметка, фактурирање и наплата на надоместокот за дозволата ги утврдува Агенцијата согласно член 80 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и согласно Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“, бр.185/14), Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на РМ“, бр.172/14) и Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси („Службен весник на РМ“, бр.172/14).

7. За користење на радиофреквенциите се плаќа годишен надоместок согласно со Законот за електронските комуникации и Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции на АЕК („Службен весник на РМ“ бр.192/21 и „Службен весник на РСМ“ бр.192/24).

Надоместокот за користење радиофреквенции се плаќа на сметка на АЕК за секоја тековна година однапред почнувајќи од датумот на важењето на одобрението за користење радиофреквенции.

8. За определување на предавателната фреквенција, микролокација, максималната ефективна израчена моќност (ЕРП), насоченоста на антенскиот систем, како и за другите технички параметри што не се определени со оваа Одлука и со конкурсната документација, кандидатите се должни (по подигањето на документацијата од Агенцијата и добивањето потврда од Агенцијата за подигнатата документација) да се обратат во АЕК, каде ќе ги добијат деталните технички параметри, кои се составен дел на конкурсната документација и според кои ќе треба да се изработи техничкиот елаборат за предавателниот дел.

Пријавувањето на кандидатите во АЕК треба да биде со истиот назив како и во Агенцијата.

9. Кандидатите на Конкурсот поднесуваат пријави на посебен образец, чија форма и содржина ги пропишува Агенцијата, кој се објавува на веб страницата на Агенцијата.

Конкурсната документација и образецот - Пријава за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп, можат да се подигнат во архивата на Агенцијата, Палата „Панко Брашнаров“, ул.„Македонија” бр.38, Скопје, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот.

За документацијата се плаќа надоместок во износ од 60.000,00 (шеесетилјади) денари на жиро сметка: 300000000618023 на Агенцијата, Банка депонент: Комерцијална банка АД Скопје.

10. Пријавата се поднесува во затворен плик до Агенцијата, Палата „Панко Брашнаров“, ул.„Македонија” бр.38, Скопје, обележан на следниот начин[2], и тоа:

- во горниот лев агол на затворениот плик да стои ознака „НЕ ОТВОРАЈ“,
- во средината на затворениот плик да стои назнака „Пријава за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп”.

Обрасците и прилозите кон Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп, треба да бидат систематизирани по редослед и реден број на образец, односно прилог кон пријавата, при што кај секој прилог кон пријавата, на првата страна во горниот десен агол од листот да биде наведен соодветниот реден број (Пример: Прилог бр. ___).

Пријавата, со придружната документација од член 73 став 3 од ЗАВМУ, се поднесува во 2 (два) примерока (оригинал и копија).

11. Пријавата може да се достави препорачано по пошта или со предавање во архивата на Агенцијата.

12. Пријавата се поднесува во рок од 60 (шеесет) дена.

Рокот за поднесување на пријавите тече од првиот нареден ден од денот на објавувањето на оваа Одлука во „Службен весник на РСМ”.

Пријавите се поднесуваат во рокот определен со оваа Одлука на начин, форма, број на примероци и со содржина предвидена во Конкурсната документација.

Пријавите на кандидатите кои нема да го платат надоместокот за документацијата, кои ќе бидат поднесени по истекот на рокот определен со оваа Одлука, некомплетните пријави (кои нема да ги содржат сите документи и прилози согласно Пријавата), неуредно пополнетите пријави, како и пријавите кои нема да бидат поднесени во 2 (два) примерока (оригинал и копија), нема да се разгледуваат.

Дополнителни информации, во врска со објавениот јавен конкурс, може да се добијат од следните лица:

- за програмскиот концепт: м-р Огнен Неделковски мобилен телефон: 072/212-686 и е-адреса: o.nedelkovski@avmu.mk; Рубин Талески мобилен телефон: 075/452-523 и е-адреса: r.taleski@avmu.mk;
- за сопственичката структура и кадровските услови: Катерина Доневска мобилен телефон: 075/452-543 и е-адреса: k.mitre@avmu.mk;
- за техничките и просторните услови: м-р Арбен Саити мобилен телефон: 076/203-222 и е-адреса: arben.saiti@avmu.mk;
- за финансиските услови: Горан Радуновиќ мобилен телефон: 071/223-219 и е-адреса: g.radunovic@avmu.mk; Весна Симоновска мобилен телефон: 076/344-198 и е-адреса: v.simonovska@avmu.mk и
- за општи податоци и правни прашања: м-р Ивона Муфишева мобилен телефон: 076/496-803 и е-адреса: i.mufiseva@avmu.mk и м-р Тања Лазороска мобилен телефон: 075/452-528 и е-адреса: t.lazoroska@avmu.mk

13. Пријавите кои ќе бидат поднесени на овој јавен конкурс, ќе бидат јавно отворени, во седиштето на Агенцијата, Палата „Панко Брашнаров“, ул.„Македонија” бр.38, Скопје, една недела по истекот на рокот за поднесување на пријави, утврден во точка 12 на оваа одлука.

Информацијата за денот и часот на јавното отворање ќе биде објавена на веб страницата на Агенцијата: www.avmu.mk.

14. Одлуката за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп, ќе биде донесена во рок од 30 (триесет) дена од денот на одржаното јавно отворање на пријавите, наведен во точка 13 на оваа одлука.

Кандидатите на конкурсот ќе бидат известени за одлуката за доделување на дозволата, во рок од 7 (седум) дена од денот на нејзиното донесување.

---

**[2] Доколку подносителите на пријавите за учество на јавен конкурс не се придржуваат кон условите наведени во точка 10. од оваа Одлука, Агенцијата не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на Пријавата.**

15. Оваа одлука се објавува во „Службен весник на РСМ", на веб-страницата на Агенцијата, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ, а влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ".

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 11.12.2024 г., беше доставено Писмо со намера, наш арх.бр.08-5084/1 од 11.12.2024 г. од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво (ТРД) БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје, за добивање на дозвола за отварање на локално радио на подрачјето на општина Прилеп.

Во врска со поднесеното Писмо со намера, Агенцијата на 18.12.2024 г., до ТРД БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје испрати Допис – Барање за дополнување на „Барањето за одобрување дозвола за отворање на локална радио станица на подрачјето на Прилеп (арх.бр.08-5084/2), со цел заинтересираната страна да достави податоци за: структурата на музиката што планираат да ја емитуваат и јазикот на кој ќе се емитуваат говорниот и музичкиот дел од програмата. Дописот беше уредно примен од страна на заинтересираната страна на 23.12.2024 г.

На 10.01.2025 г., до Агенцијата од страна на ТРД БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје беше доставено Дополнување на Писмото за намери, арх.бр.08-102/1 од 10.01.2025 г., во кое од страна на подносителот, беше појаснато дека сакаат да конкурираат за музичко радио од специјализиран формат, до 5% говорни содржини, на македонски и српски јазик и дека планираат да емитуваат популарна (забавна) музика.

Агенцијата, согласно член 70 став 4 од ЗАВМУ, а по повод предметното писмо со намера, со дополнување, со Допис – Барање, наш арх.бр.08-102/2 од 14.01.2025 г. се обрати до АЕК со кое побара информација дали има слободни фреквенции во подрачјето на град Прилеп, а доколку има - и информација за начелни технички параметри врз основа на кои ќе се изработи техничко решение за емитување на радио програма.

На 13.02.2025 г. АЕК до Агенцијата достави Известување во врска со барањето информација за слободни фреквенции за емитување на радио програма на локално ниво за град Прилеп, арх.бр.0805-87/4 од 05.02.2025 г. (наш арх.бр.08-102/3 од 13.02.2025 г.), дека врз основа на постоечките доделби, анализите на радиопростирањето и мерењата во регионот на градот Прилеп, начелните технички параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на град Прилеп се следните: Локација на предавател: Тополчани/Топташ, Ефективна израчена моќност: 300 W и Фреквенција: 90.3 MHz.

Во член 70 став 4 од ЗАВМУ е предвидено дека доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, се утврди дека има слободни радиофреквенции, Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целта на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката.

Следствено на наведеното, Агенцијата изработи Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп (арх.бр.03-1705/1 од 10.04.2025 г.), која е објавена на веб страницата на Агенцијата на 10.04.2025 г.[3] Во Студијата беше заклучено следното: „Општина Прилеп има значаен пазарен потенцијал и од аспект на потенцијалната публика и од аспект на потенцијалните огласувачи (само три општини - Куманово, Битола и Тетово имаат поголем број жители и повеќе активни деловни субјекти). Сепак, споредбената анализа на податоците за економските перформанси на радиостаниците од други локални подрачја, со податоците на двете радиостаници од Прилеп (РА Мефф и РА Холидеј), покажува дека во општини со помал пазарен потенцијал од Прилеп, локални радиостаници остварувале повисоки приходи отколку овие две радиостаници, што укажува на тоа дека потенцијалот на пазарот не е оптимално искористен. Двете прилепски радија емитуваат програмски сервиси музичко-говорно радио од општ формат, и од вкупно 266 часа музика што ја емитуваат во текот на една недела, 184 часа се народна музика, а најзастапен музички жанр е новосоздадената народна музика (во вкупно времетраење од 127 часа и 24 минути во текот на една недела). Поднесеното барање се однесува за специјализиран програмски сервис, музичко радио кое ќе емитува забавна музика, што значи дека публиката ќе добие поголема разновидност. Наодите од оваа Студија покажаа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на Општина Прилеп, и тоа за програмски сервис

---

[3] https://avmu.mk/istrazuvanja-studii-kon-za-dozvoli-ra-%d1%81%d1%82%d1%83%d0%b4%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d1%83%d1%82%d0%b2%d1%80%d0%b4%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%bf%d1%80%d0%b0/

музичко радио од специјализиран формат, во кое емитуваната музика е доминантно забавна. Програмскиот сервис треба да се емитува на македонски и српски јазик.“

Следствено сето погоре образложено, а имајќи предвид дека согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека има слободна радиофреквенција за општина Прилеп, а согласно Студијата, арх.бр.03-1705/1 од 10.04.2025 г. се утврди оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на Општина Прилеп, и тоа за програмски сервис музичко радио од специјализиран формат, до 5% говорни содржини, на македонски и српски јазик, во кое емитуваната музика е доминантно забавна, врз основа на член 18 став 1 алинеја 1 и член 20 став 1 алинеја 10 од ЗАВМУ, а во врска со член 69 ставови 1 и 4, член 70 ставови 1, 4, 6, 9, 10, 11 и 12, член 71, член 74, член 79, член 80 и член 81 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 1, член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот арх.бр.02-1832/3 од 24.04.2025 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 18-та седница одржана на 24.04.2025 г., донесе Одлука како во диспозитивот, која ќе се објави во „Службен весник на РСМ”, на веб-страницата на Агенцијата, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ, која влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ”.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот на Агенцијата;
- сите организациони единици/сектори/служба во Агенцијата;
- Назначените лица за водење на Уписникот за предметите по првостепената постапка во Агенцијата (Уп1) и
- Агенцијата за електронски комуникации.